# КОНКУРС за стипендии

Врз основа на потпишаната Спогодба за соработка меѓу **ЕВН Македонија АД Скопје** од една страна и **Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола** од друга страна се распишува конкурс за доделување стипендија за студентите на Техничкиот факултет-Битола од електротехничкиот отсек.

Со стипендирање на 1 (еден) студент, ЕВН Македонија дава свој придонес и поддршка во едукација и оспособување на стручни и квалитетни кадри од областа на енергетиката, и воедно им дава стимул на идните студенти за запишување на Техничкиот факултет-Битола.

Можност за пријавување за стипендија ќе имаат студентите запишани првпат, во I-ва или III-та година, во академската 2019/2020 година на електротехнички отсек, кои до денот на поднесување на документите (15.09.2020 г.) успешно ги положиле испитите од I-ва или III-та година со просек не помал од 8,00.

Стипендијата е **во висина од 8.000,00 денари** месечно и се доделува за 10 (десет) месеци, со можност за продолжување или за прекин, во зависност од обврските пропишани во Договорот за стипендирање.

Изборот и селекцијата на кандидатите ќе го изврши Комисија за стипендирање.

**Обврски на корисникот на стипендијата:**

- Да достави потврда за редовен студент запишан во тековната година;
- Да достави Изјава дека не е корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија;
- Уверение со навремено положени испити за студиската година (I-ва или III-та) со просек не помал од 8.0;
- Други обврски пропишани во Договорот за стипендирање.

**Начин на аплицирање:**

Заинтересираните студенти е потребно:

- Да потполнат **апликација/прашалник** подготвен од страна на ЕВН Македонија АД,Скопје
- Да подготват Есеј на тема „Мојата иднина како електро инженер“

Сите потребни документи треба да се испратат на **goce.markoski@uklo.edu.mk** најдоцна до **15.09.2020.**